**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-139/3**
**Скопје,26.12.2024 година.**

Записник од тринаесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 25.12.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа Кети Петкова член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на тринаесетата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори тринаесетата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

**Дневен ред**

1. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гевгелија,
2. Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека од страна на Јавниот обвинител на РСМ била известена дека нема да присуствува на денешната седница од причина што претходно имал закажано работен состанок со вишите и основните јавни обвинители во РСМ, меѓутоа Јавниот обвинител на РСМ бил запознат со точката од дневниот ред. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести

членовите на Советот дека за неколку месеци на ОЈО на ОЈО Гевгелија и истекува мандатот како шеф на ова јавно обвинителство и од тие причини Советот има законска обврска да донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Гевгелија. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека тоа е законска обврска и Советот и треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на ОЈО на ОЈО Гевгелија.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предлогот за донесување на одлука за објавување на оглас за ибор на Основен јавен обвинител на ОЈО Гевгелија го стави на гласање. Истиот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за објавување на оглас за ибор на Основен јавен обвинител на ОЈО Гевгелија.**

Под точка разно никој не зема збор по што Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи тринаесетата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**